С 4К

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19) и член 199 став (5) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23 и 14/24), министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на плата на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во командните структури на НАТО, дипломатско-конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката

Член 1

Во Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на плата на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во командните структури на НАТО, дипломатско-конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката бр.01-3787/1 од 19.06.2019 година, бр.01-4920/1 од 22.07.2021 година, бр.01-1172/1 од 16.02.2022 година, бр.01-1172/2 од 21.06.2022 година, бр.01-578/1 од 03.02.2023 година и бр.01-3172/2 од 27.09.2023 година, во членот 5 ставот 1 алинеја 2 се менува и гласи:

„Коефициент за чин, односно работен стаж“

По алинеја 2 се додава нова алинеја која гласи:

„процент за вршење специфична должност“

Член 2

Членот 7 се менува и гласи :

(1) “Вредноста на коефициентот за лицата упатени на меѓународна должност во странство изнесува:

а) За воените лица:

| | |
|---|---|
| - бригаден генерал-генерал потполковник | 4.40 |

| | |
|---|---|
| - полковник | 4.30 |
| - потполковник | 4.10 |
| - мајор | 3.90 |
| - капетан | 3.60 |
| - поручник | 3.40 |
| - главен наредник, наредник | 3.20 |
| - постар водник, постар водник 1 класа | 3.00 |
| - водник, водник 1 класа | 2.80 |
| - професионален војник | 2.60 |

б) За административните службеници":

| | |
|---|---|
| - Административен службеник од категорија Б или В со стаж над 15 години | 4.30 |
| - Административен службеник од категорија Б или В со стаж од 10 до 15 години | 4.10 |
| - Административен службеник од категорија Б или В со стаж од 7 до 10 години | 3.90 |
| - Административен службеник од категорија Б или В со стаж од 5 до 7 години | 3.70 |
| - Административен службеник од категорија Б или В со стаж до 5 години | 3.50 |
| - Административен службеник од категорија Г | 3.00 |

(2) "Нето платата добиена со множење на основицата по земја и коефициентот за чин, односно работен стаж се зголемува зависно од специфичната должност која се извршува:

- 10% за вршење должност Воен претставник (MILREP) и Шеф на одбранбен оддел во Дипломатското претставништво на Република Северна Македонија во НАТО како и за Воените претставници со генералски чин.

- 8% за вршење должност Одбранбено аташе, Национален воен претставник во Националното воено претставништво при НАТО Сојузничката команда за операции (АСО), Национален воен претставник во Националното воено претставништво при НАТО Сојузничката команда за трансформација (АСО)."

Член 3

По членот 7 се додава нов член 7-а кој гласи:

„ Член 7 – а

Вредноста на коефициентот за цивилниот персонал упатен на работа во странство е иста како и вредноста на коефициентот за административните службеници“.

Член 4

Во членот 19 ставот 2 и 3 се менуваат и гласат:

„Трошоците за депозит и агенциска провизија се признаваат еднократно во текот на мандатот, односно временскиот период на упатување на работа во странство и истите паѓаат на товар на Министерството.

Трошоците за депозит се враќаат со завршување на мандатот, односно временскиот период на упатување на работа во странство“

Член 5

Во член 28 ставот 2 алинеја 5 се менува и гласи:

„- Национален воен претставник во Националното воено претставништво при НАТО Сојузничката команда за операции (АСО) во Врховниот штаб на сојузничките сили за Европа (SHAPE) и Национален воен претставник во Националното воено претставништво при НАТО Сојузничката команда за трансформација (АСО)“

Член 6

Членот 31 се менува и гласи:

„Член 31

(1) Лицата упатени на работа во странство и члeновите на нивните семејства во земјите на прием, имаат право на користење на здравствено осигурување за здравствена заштита во обем и на начин утврден согласно позитивните законски прописи.

(2) Здравствената заштита за лицата упатени на работа во странство и за члeновите на нивните семејства во земја со која Република Северна Македонија има склучено или преземено билатерален договор за здравствено осигурување, се врши врз основа на тој договор и договор за здравствено осигурување склучен меѓу претставништвото, односно лицето упатено на должност во странство и институцијата во земјата на прием која врши здравствено осигурување.

(3) Здравствената заштита за лицата упатени на должност во странство и за члeновите на нивните семејства во земја со која Република Северна Македонија нема склучено или преземено билатерален договор за здравствено осигурување се врши врз основа на договор за здравствено осигурување склучен меѓу претставништвото, односно лицето упатено на должност во странство и институцијата во земјата на прием која врши здравствено осигурување.

(4) Во случај на здравствено осигурување за здравствена заштита согласно став (2) на овој член, Министерството обезбедува доброволно здравствено осигурување кое вклучува повисок стандард на здравствени услуги кои произлегуваат од задолжителното осигурување во примарна, специјалистичко - консултативна и болничка заштита, во максимален износ до 1.500 евра во зависност од бројот на осигуреници, а над кој износ трошоците се на товар на лицето упатено на работа во странство.

(5) Доброволното здравствено осигурување се остварува врз основ на договор склучен меѓу лицето упатено на работа во странство и Друштво за осигурување кое има решение за дозвола за работа издадена од надлежен орган на странската држава.

(6) Надоместокот на трошоци за здравствено осигурување се исплатува врз основа на решение донесено по писмена согласност од страна на Комисија за утврдување на надомест на трошоци за здравствено осигурување за здравствена заштита на лица упатени на работа во странство и членовите на нивните семејства.

(7) Комисијата од ставот (6) на овој член е составена од претседател и три члена и нивни заменици, кои се претставници од Организационите единици за:

- управување со човечки ресурси,
- финансии и
- меѓународна соработка.

(8) Комисијата од ставот (6) на овој член, се изјаснува по добиени најмалку три писмени понуди, доставени од лицето упатено на должност во странство.

(9) Комисијата од ставот (6) на овој член, при процесот на донесување на писмена согласност ги користи принципите и критериумите од Законот за јавните набавки (прифатлива понуда и критериум цена).

(10) По добиената согласност, лицето упатено на должност во странство доставува копија од договорот за здравствено осигурување со превод на македонски јазик, најдоцна 10 дена од денот на потпишувањето.

(11) Решението од ставот (6) на овој член го изработува Организационата единица за управување со човечки ресурси, а го донесува министерот или од него овластено лице.“

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на донесување, освен одредбите од членовите 1 и 2 од овој правилник, кои ќе започнат да се применуваат по престанок на важење на забраните утврдени со членот 8 – а од Изборниот законик и членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Број 01-973/1
од 13-02-2024 година.
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Славјанка Петровска